

**Интервју со Виктор Лилчиќ, директор на Управата за заштита на културно наследство**

За прв пат во рамките на заштитата на македонското културно наследство ќе биде користена најнова технологија на регистрирање на објектите под површината на земјата што ќе биде направено со новонабавениот георадар, кој во моментов е единствен на целиот Балкан .

**Кои се во моментот приоритетите на Управата за заштита на културното наследство и која е улогата и значењето на започнатите капитални проекти?**

Лилчиќ: Согледувајќи ја потребата од зголемување на развојот на државата преку

активирање на археолошките културни ресурси, Владата пред неколку години започна со директна поддршка на селективно одбрани археолошки локалитети. Приоритетите притоа беа раководени од неколку фактори: археолошки локалитети на фреквентни местоположби, долж актуелни патни магистрали, да се потпомогне развојот на локалните заедници преку културата и археологијата, или пак значајни археолошки локалитети од прва категорија, што значи најголемите некогашни градски, културни, култни и сакрални средишта. Така Управата започна со поддршка на откривањето на најатрактивните локалитети долж Вардарската магистрала. На тој правец реално се наоѓаат околу 15 врвни археолошки локалитети, древни градови и тврдини.

**Најавивте повеќе капитални проекти. За кои проекти конкретно се работи и кога може да се очекува нивна реализација?**

Лилчиќ: Управата го сврте вниманието на повеќе археолошки локалитети. На Вардарскиот магистрален коридор фокусот го ставаме на доминантниот рановизантиски кастел и средновековен град Чрнче над населбата Црниче, познат како Маркови Кули Водно. Во близина на Стоби, започнува откривањето на ранохристијанската базилика од 5 век н.е., во атарот на село Крушевица. Со овој врвен репрезент на ранохристијанската уметност, започнуваме со реализација на Проектот Ранохристијанските базилики во Република Македонија. Имено, во нашата држава се евидентирани над 300 ранохристијански храмови од 4-6 век н.е., но досега беа третирани помалку од 100. Во кумановскиот крај започнаа истражувањата на градот на Градиште, Младо Нагоричани на брегот на реката Пчиња. Тоа бил најсеверниот раноантички високоцивилизиран град на пајонските Агријани, најлојалните воини-специјалци на Александар Македонски. Во Светиниколско започна истражувањето на најголемиот познат раноантички пајонско-македонски град Билазора, на Градиште, кај селото Кнежје. Започнуваме и со поддршка на проектот Археолошка топографија на старите градови и тврдини во Македонија. Годинава ќе се работи и на Кокино, со доистражување…

**Беше најавена и набавка на георадар, уред кој им е неопходен на археолозите при нивните истражувања. Што е направено во оваа насока?**

Лилчиќ: Дигиталниот георадар од фирмата Мала (Шведска) е пристигнат во Управата за културно наследство. Деновиве ќе биде јавно промовиран. Се работи за најновиот модел кој во моментот е единствен на целиот балкански простор. Длабината на продирање на електромагнетните бранови оди и до 6,5. За прв пат во рамките на заштитата на македонското културно наследство ќе биде користена најнова технологија на

регистрирање на објектите под површината на земјата. На тој начин ние ќе можеме да ги видиме планиметриите на најголемите и најзначајните стари градови и култни објекти со што ќе добиеме можност за планско осмислување на идните активности на сите потребни локалитети.

**Каква е соработката на македонската Управа со институциите за културно наследство од балканските и европските земји и во што се состои таа соработка?**

Лилчиќ: Планираме соработка со институциите од заштитата на културното наследство од централана, западна Европа и од Балканот. Исто така, во план е користење на европските фондови најмногу во проекти кои имплементираат дигитална технологија во македонската археологија, музеологија и заштита на културното наследство.

**Кажете ни нешто повеќе за изложбата во Манхинг Германија во рамките на која Управата ќе ги претстави артефактите од Македонија?**

Лилчиќ: Овој високовреден културен хепенинг, како за Европа така и за Република Македонија, се реализира во рамките на Европскиот Проект "Судир на културите". Главен настан на Проектот претставува изложбата под наслов "Златните лица на македонските кралеви – Македонците и Келтите од охридскиот регион", во периодот од мај до ноември оваа година. Целта на проектот е да се прикажат културните контакти на архајските кнежевства и оние од класичното и хеленистичкото време на подрачјето на Република Македонија и присуството на Келтите на преминот од класичното во хеленистичко време во Македонија, поточно во древниот град Лихнид.

*Извор:Археологика*